Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19.2.2019 година

Скопје, февруари 2019 година

# З А П И С Н И К
## од Сто дваесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19.2.2019 година

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот

на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Асаф Адеми, министер за култура, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициона клима за домашните претпријатија и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- ✓ Усвојување на Записникот од 119-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.2.2019 година
- ✓ Усвојување на Записникот од 121-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13.2.2019 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција
- Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции
- Извештај од Првиот состанок на Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА
### а) Гости

1. Информација за добивање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2019 година

3. Известување за доспеани побарувања спрема Македонски железници Транспорт АД Скопје

4. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, согласно со регулативите на Европската комисија

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Јавна здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември“ Скопје

6. Информација за извршен редовен инспекциски надзор во регистрите за странски класифицирани информации

7. Предлог-одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-697/18 КО Битола)

8. Информација за извршените контроли за безбедност на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Северна Македонија за четвртиот квартал од 2018 година

**б) Економски систем и тековна економска политика**

9. Предлог-закон за изменување на Законот за Царинската тарифа

10. Информација за продолжување на Договорот со Економската интересна група-Еуметнет

11. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Конска со реф. бр.184 на концесионерот Актуел енерџи груп ДОО Скопје, со Записник од состанокот на Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, како и на почитувањето на обврските од страна на концесионерите согласно закон и Договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрани

12. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од пристапување кон изнаоѓање на начин за можно вонсудско решение во предметот заведен под број 24112/ГР пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз на тужителот ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ, против Република Северна Македонија како тужена страна

**в) Политички систем**

13. Предлог-закон за Агенција за национална безбедност, по скратена постапка

14. Предлог-закон за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија, по скратена постапка

15. Предлог-закон за изменување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка

16. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка

17. Предлог-закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по скратена постапка

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци, по скратена постапка

19. Предлог-закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за кинематографска копродукција (ревидирана)

20. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1610 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката 2010/573/ЗНБП за рестриктивни мерки против водството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, со Предлог-одлука

21. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1611 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, со Предлог -одлука

22. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1612 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди, со Предлог-одлука

23. Извештај за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Кабинетот на министри на Украина и Владата на Република Северна Македонија за услови за заемно патување на државјаните, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик

24. Извештај за извршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со усогласен текст на Договор

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

25. Информација за подготовка на проектна апликација за Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа во рамки на повикот за техничка помош во рамки на ИПА инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан" (Western Balkans Investment Framework - WBIF)

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

26. Предлог-одлука за распределба на средства за проектите: изградба на локален пат Ржаничино-Ќојлија во Општина Петровец и изградба на локални патишта во село Горно Оризари, Општина Велес

**б) Политички систем**

27. Предлог-одлука за времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Северна Македонија за државјаните на Украина

28. Предлог-одлука за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Северна Македонија за државјаните на Руската Федерација

29. Предлог-одлука за укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни исправи на трети земји, кои имаат регулирано привремен престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор

30. Барање на Кристијан Николов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Институт за физикална медицина и рехабилитација - Скопје

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески“ - Прилеп

33. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука

г) Предлози по кои Владата дава мислење

(а) По барање на Собранието на Република Северна Македонија

34. Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2018 година

35. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија
36. Барање за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поднесено од Советот на Општина Битола

37. Барање за давање автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007 и 104/2015), поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди

(б) По барање на органи, организации и други правни лица

38. Статут на МИТ Универзитет - Скопје

39. Статут на Меѓународен балкански универзитет Скопје

40. Иницијатива поднесена од Владимир Стефановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) во целина и одделно на член 2 став 2, член 9 ставови 1, 2 и 5, член 10, член 22 и член 23 став 5 од Законот

41. Иницијатива поднесена од Светскиот Македонски Конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2019 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018)

42. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поднесена од адвокат Сузана Јошевска - Анастасовска од Скопје

43. Понуда од нотар Анета Петровска Алексовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр 12060 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП бр.746
44. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.52708 за КО Визбегово на КП 671

45. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.76602 и Имотен лист бр.17245 за КО Куманово на КП бр.20294 и КП бр.26222 место викано/Улица Моша Пијаде

46. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на имот со Имотен лист бр.42940 и Имотен лист бр. 42942 за КО Кисела Вода 2 на КП бр. 4463/1 место викано Ѓ. Андреевиќ

47. Понуда од нотар Александра Петровска Ангелковска од Битола за купопродажба на недвижен имот во Битола со Имотен лист бр.52034 за КО Трново на КП бр.260

48. Понуда од извршител Станислав Тасески за користење право на првенствено купување на имот каде сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист 101255 за КО Охрид 3 и Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став (1) од Законот за извршување), доставени под И бр.553/201

49. Известување од извршител Јадранка Јовановска под И. бр.445/17 за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) и Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), на недвижност запишана во Имотен лист бр.695 за КО Гиновци и Имотен лист бр.670 за КО Гиновци

**д) Други предлози**

50. Кадровски прашања

51. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

52. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Сметка на основен буџет 637 и Сметка на буџет од донации 785

53. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица" - Пробиштип за периодот од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година

54. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, октомври - декември 2018 година

55. Информација за извршени инспекциски надзори врз основа на Законот за заштита од пушењето, компаративна анализа со законската регулатива во Република Хрватска и предлози за измена на Законот за заштита од пушењето

56. Информација за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија со цел еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин секаде во Северна Македонија“

57. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид заклучно со декември 2018 година на ТАВ Македонија

58. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми во период од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

59. Предлог-закон за инспекциски надзор

60. Информација во врска со одбележувањето на 15-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Македонија Борис Трајковски

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Државна изборна комисија

62. Информација за Предлог-заедничка изјава за „Clean energy transition in the Western Balkans“ која ќе се потпишува во Подгорица на 21 февруари 2019 година

*

*     *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата заклучи сите институции, носители на поглавја најитно до крајот на денот (19 февруари 2019 година) да доставaт инпут за ажурираниот придонес на англиски и македонски јазик до Секретаријатот за европски прашања, со цел подготовка на Ажуриран придонес кон Извештајот на Европската комисија.

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

Притоа, Владата заклучи Министерството за финансии до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да достави преглед на ставки на капитални инвестиции од секое министерство, со цел работната група во состав д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, за наредната седница на Владата, да предложи сублимирана информација со фокус на 20% проекти кои прават 90% од вредноста на капиталните инвестиции по која Владата ќе заземе став.

- **Извештај од Првиот состанок на Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците**

Владата го разгледа Извештајот од Првиот состанок на Меѓуресорската работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции при изготвувањето на печатите да го почитуваат Законот за употреба на јазиците.

2. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции во материјалните закони од нивна надлежност каде што нема одредби за употреба на јазиците, упатна референца да биде Законот за употреба на јазиците.

3. Се задолжуваат сите министерства во рок од седум дена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Меѓуресорска работна група за спроведување на Законот за употреба на јазиците, да доставаат листа на закони кои што содржат одредби од Законот за употреба на јазиците.

4. Се задолжува Министерството за правда во рок од 15 дена да достави Предлог-закон за формирање на инспекторат за употреба на јазиците.

5. Се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции во случај на двојазично обраќање и меморандумот да биде двојазичен.

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 119-та и 121-та седница на Владата, одржани на 7 февруари 2019 година и 13 февруари 2019 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредност на бодот за пресметување на платите во Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за државни патишта за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го разгледа Известувањето за доспеани побарувања спрема Македонски железници Транспорт АД Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата им укажува на органите на управување на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и Македонски железници Транспорт АД Скопје да постигнат договор за долгорочно враќање на позајмиците и за истото да ја информираат Владата.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движна ствар на Јавна здравствена установа Градска општа болница „8-ми Септември" Скопје, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за извршен редовен инспекциски надзор во регистрите за странски класифицирани информации и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање и Центарот за управување со кризи да постапат по укажувањата на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и во рок од 30 дена да ја известат Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за досега преземените активности.

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање и Центарот за управување со кризи да ја известат Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за завршеното постапување по дадените укажувања согласно дадениот рок во Решението од извршен инспекциски надзор според утврден Записник.

**Точка 7**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите (ДП.Бр.03-697/18 КО Битола), откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на предлог-одлуката со Секретаријатот за законодавство, како и да обезбеди и во прилог на материјалот да достави ново мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за извршените контроли за безбедност на детските играчки кои се продаваат на територијата на Република Северна Македонија за четвртиот квартал од 2018 година и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на ЈЗУ Центар за јавно здравје Куманово, ЈЗУ Центар за јавно здравје Скопје, ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес и ЈЗУ Центар за јавно здравје Тетово да обезбедат услови за вршење на лабораториски анализи за безбедност на детски играчки.

2. Се препорачува на центрите за јавно здравје и Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје да ги вршат анализите согласно Правилникот за безбедност на детски играчки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/2010 и 17/2012).

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија во рок од седум дена по усвојување на Информацијата до Владата да достави информација за висината на средствата за набавка на опремата и можноста од обезбедување на средства за набавка на потребната опрема во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 9

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување на Законот за Царинската тарифа за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 25 февруари 2019 година (понеделник).

## Точка 10

Владата на предлог на предлагачот, го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за продолжување на Договорот со Економската интересна група-Еуметнет, поради потребата од дополнително усогласување на материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 11

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Конска со реф. бр.184 на концесионерот Актуел енерџи груп ДОО Скопје, со Записник од состанокот на Комисијата за вршење на постојан и редовен надзор над начинот на вршење на концесиската дејност, како и на почитувањето на обврските од страна на концесионерите согласно закон и Договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија со изградба на мали хидроелектрани и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ Конска со реф. бр.184, бр.11-4184/1 од 4.5.2015 година, со кој како краен рок за изградба и почеток со комерцијално работење се определува 16.7.2018 година.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од пристапување кон изнаоѓање на начин за можно вонсудско решение во предметот заведен под број 24112/ГР пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз на тужителот ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ, против Република Северна Македонија како тужена страна и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори поради потребата од пристапување кон изнаоѓање на начин за можно вонсудско решение во предметот заведен под број 24112/ГР пред Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз на тужителот ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ, против Република Северна Македонија како тужена страна.

2. Се формира работна група во состав: д-р Кочо Анѓушев - заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Крешник Бектеши - министер за економија, м-р Исмаил Љума, државен советник во Министерството за економија, м-р Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија, д-р Љупчо Петкуќески, државен советник во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Виктор Андонов, посебен советник во Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и м-р Марко Бислимоски - претседател на Регулаторна комисија за енергетика.

3. Се задолжува работната група од погоре наведениот заклучок веднаш да пристапи кон остварување на средби со преставници на ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ како тужител во предметот 24112/ГР против Република Северна Македонија при Меѓународниот абитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз, со цел изнаоѓање на начин за можно вонсудско решение во предметот.

4. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев да ја информира Владата за текот и резултатите од извршените средби и разговори со претставниците на ЕЛ.ПЕТ. БАЛКАНИКИ, СОСИЕТЕ АНОНИМ ПЕТРОЛЕУМ како и за идните активности поврзани со арбитражната постапка по предметот 24112/ГР.

**Точка 13**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за Агенција за национална безбедност и го утврди како Предлог-закон за Агенција за национална безбедност, по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот, Министерството за внатрешни работи да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство до 25 февруари 2019 година (понеделник), притоа водејќи сметка да не се загрози концептот што е усогласен со Европската Унија и НАТО.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за Агенција за национална безбедност, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

**Точка 14**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија и го утврди како Предлог-закон за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија кој се донесува по скратена постапка со следните заклучоци:

1. Член 2, став 1 од Предлог-законот да се преформулира во смисла наместо терминот „безбедносно - разузнавачките служби“, да стои терминот „ безбедносно - разузнавачките субјекти“.

2. Член 2, став 1, алинеја 3 од Предлог-законот за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија да се преработи и да гласи „- организациона единица за безбедност и разузнавање во Министерството за одбрана“.

3. Текстот на Предлог-законот, Министерството за внатрешни работи да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство (согласно расправата на седницата на Владата - член 7, алинеја 5 и други членови), до 25 февруари 2019 година (понеделник), притоа водејќи сметка да не се загрози концептот што е усогласен со Европската Унија и НАТО.

4. Пречистениот текст на Предлог-законот за координација на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија, по скратена постапка да се достави до Собранието согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 15

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за следење на комуникациите и го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот, Министерството за внатрешни работи да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, до 25 февруари 2019 година (понеделник), притоа водејќи сметка да не се загрози концептот што е усогласен со Европската Унија и НАТО.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за следење на комуникациите, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 16

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи (најнов текст) и го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот, Министерството за внатрешни работи да го усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство до 25 февруари 2019 година (понеделник), притоа водејќи сметка да не се загрози концептот што е усогласен со Европската Унија и НАТО.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 17

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (нов текст), го утврди како Предлог-закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата по скратена постапка и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 18

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за странци, го утврди како Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци, по скратена постапка и заклучи, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, а за повереници Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи и Весна Доревска, помошник на министерот за внатрешни работи.

## Точка 19

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за кинематографска копродукција (ревидирана), го утврди и заключи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Асаф Адеми, министер за култура, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Весна Илиевска, државен советник во Министерството за култура.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1610 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката 2010/573/ЗНБП за рестриктивни мерки против водството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивна мерка согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1610 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката 2010/573/ЗНБП за рестриктивни мерки против водството на Транснистрискиот регион во Република Молдавија, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1611 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, со Предлог -одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1611 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката 2010/638/ЗНБП за рестриктивни мерки против Република Гвинеја, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1612 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2018/1612 на Советот од 25 октомври 2018 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2015/1763 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Бурунди, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за усогласување на текстот на Спогодбата меѓу Кабинетот на министри на Украина и Владата на Република Северна

Македонија за услови за заемно патување на државјаните, со усогласен текст на Спогодбата на македонски и англиски јазик и го прифати со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата меѓу Кабинетот на министри на Украина и Владата на Република Северна Македонија за услови за заемно патување на државјаните.

2. Се определува министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата меѓу Кабинетот на министри на Украина и Владата на Република Македонија за услови за заемно патување на државјаните.

Исто така, во насловот на Извештајот, во неговата содржина и во другите придружни материјали да се додаде „Република Северна Македонија".

3. Министерството за надворешни работи до постапката за потпишување на Спогодбата да стапи во контакт со амбасадорот на Украина во Република Северна Македонија, во однос на потребата од усогласување на текстот на Спогодбата со Република Северна Македонија, од аспект на името.

**<u>Точка 24</u>**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со усогласен текст на Договор и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

2. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

Исто така, во насловот на Извештајот, во неговата содржина и во другите придружни материјали да се додаде „Република Северна Македонија".

3. Министерството за внатрешни работи до постапката за потпишување на Договорот да стапи во контакт со амбасадорот на Република Србија во Република Северна Македонија, во однос на потребата од усогласување на текстот на Договорот со Република Северна Македонија, од аспект на името.

## Точка 25

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на проектна апликација за Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа во рамки на повикот за техничка помош во рамки на ИПА инструментот „Инвестициска рамка за Западен Балкан" (Western Balkans Investment Framework - WBIF) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ја подготви и да ја достави на мислење до Министерството за финансии Апликацијата за техничка помош за проектот Студија за изводливост за изградба и развој на Национална транспортна оптичка мрежа најдоцна до 25.2.2019 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии да ја достави предметната апликација до НИПАК/Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 27.2.2019 година.

3. Се задолжува Националниот ИПА координатор на Република Северна Македонија да ја поднесе апликацијата најдоцна до 1.3.2019 година во рамки на 21 повик за техничка помош на ИПА инструментот "Инвестициска рамка за Западен Балкан" (Western Balkans Investment Framework - WBIF).

## Точка 26

Владата заклучи Предлог-одлуката за распределба на средства за проектите: изградба на локален пат Ржаничино-Ќојлија во Општина Петровец и изградба на локални патишта во село Горно Оризари, Општина Велес, да се разгледа по завршувањето на изборниот процес.

## Точка 27

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Северна Македонија за државјаните на Украина, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата ја донесе Одлуката за еднострано времено укинување на визите за краткорочен престој во Република Северна Македонија за државјаните на Руската Федерација (најнов текст-19.2.2019 година), во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за укинување на визите за краткорочен престој (виза Ц) во Република Северна Македонија за странски државјани носители на валидни патни

исправи на трети земји, кои имаат регулирано привремен престој во земја членка на Европската Унија или потписничка на Шенгенскиот договор, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа Барањето на Кристијан Николов, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Институт за физикална медицина и рехабилитација - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница „Борка Талески“ - Прилеп.

**Точка 33**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2018 година е во функција на исполнување на законската обврска согласно член 7 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/18), според кој директорот на Оперативно-техничката агенција до Собранието на Република Северна Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција за претходната календарска година најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција Скопје за 2018 година.

## Точка 35

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

## Точка 36

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, поднесено од Советот на Општина Битола и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со барањето за давање на автентично толкување на член 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Владата на Република Северна Македонија, смета дека не е потребно дополнително толкување на погоре цитираниот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од причина што, во него е точно наведено за кој, кога и како е забрането рекламирањето.

Сепак, имајќи ги предвид суштинските измени на овој закон, за што беа усвоени два закони за измени и дополнувања на истиот, одредени појаснувања се корисни во однос на усогласувањето на активностите определени со членот 102.

Со член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во Службен весник на Република Македонија, број 246/18 на 31.12.2018 година, а кој стапи во сила на 8.1.2019 година, е прецизно наведено, дека се забранува рекламирање на државни органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните институции, како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост не смеат да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери.

Во член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, објавен во Службен весник на Република Македонија, број 27/19, на 5.2.2019 година, е наведено дека на членот 46 се додава нов член 46-а, кој се однесува за забраната на рекламирање определена со член 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 246/18).

Членот 46-а гласи: „Договорите на државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост склучени врз основа на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), остануваат во сила се до истекот на нивната важност, а по истекот на истите државните органи, органите на државната управа, јавните претпријатија, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и институции како и правните лица со јавни овластувања и трговските друштва во целосна државна сопственост се должни да го усогласат своето работење со членот 25 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 246/18).

Оттука, а поради тоа што во периодот на донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 246/18) одредени органи за кои се однесува забраната за рекламирање веќе имаа активни договори за рекламирање, кои доколку се раскинат ќе имаат негативни финансиски влијанија врз нивните буџети, поради активирање на одредени казнени пенали.

Оттука, со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.27/19) забраната за рекламирање има одложно дејство за оние органи кои се во опишаната ситуација и истите се должни да ја почитуваат оваа забрана по истекот на веќе склучените договори.

## Точка 37

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање автентично толкување на член 5 и член 6 став 3 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007 и 104/2015), поднесено од пратеникот Реџеп Мемеди, поради потребата Министерството за правда да достави мислење подготвено во соработка со Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 38

Владата го одложи од разгледување Статутот на МИТ Универзитет - Скопје за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за образование и наука да достави мислење по истиот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

## Точка 39

Владата го разгледа Статутот на Меѓународен балкански универзитет Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 16 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018), основен акт на високообразовната установа е статутот. Во ставот (2) на истиот член е утврдено дека со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност. Според ставот (3) на овој член, на статутот на јавниот универзитет и на јавната самостојна висока стручна школа, согласност дава Собранието на Република Северна Македонија, а на приватната високообразовна установа основачот, по претходно мислење на Владата на Република Северна Македонија.

Согласно член 94 точка 1 од Законот, Универзитетскиот сенат, меѓу другото, донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав.

Со Статутот на универзитетот треба да се регулираат само оние прашања на кои што Законот упатува да се регулираат со Статут.

Доколку одредби од Законот за високото образование стануваат составен дел од Статутот истите треба во целост да бидат усогласени со одредбите од Законот за високото образование, освен во случаите кога Законот дозволува дополнително уредување на истата проблематика со Статут на универзитетот.

По однос на текстот на Статутот на Меѓународен балкански универзитет Скопје, од аспект на Законот за високото образование како и од формално правен аспект укажуваме на следното:

Во членот 9 од Статутот, ставот 1 треба во целост да се усогласи со член 5 став 1 од Законот за високото образование.

Членот 10 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 7 од Законот за високото образование.

Член 11 од Статутот, треба во целост да се усогласи со член 8 од Законот за високото образование.

Во членот 12 од Статутот, алинеите 3 и 9 треба во целост да се усогласат со точките 3 и 9 од член 9 од Законот за високото образование.

Членот 15 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 12 став 2 од Законот за високото образование.

Членот 16 од Статутот треба да се дополни со нов став кој гласи: „Доколку спорот од ставот (1) на овој член не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат."

Во членот 21 став 1 од Стаутот, зборот: „организациони“ треба да изостане. Во ставот 2 од овој член, по зборовите: „се формираат“ да се додадат зборовите „следните организациони единици“. (Согласно член 85 од Законот за високото образование).

Во членот 24 од Статутот, алинеја 2 треба да се усогласи со член 93 став 9 од Законот за високото образование. Алинеите 3 и 4 од истиот член да се усогласат со член 93 став 7 од Законот за високото образование, додека алинеја 5 од Статутот е во спротивност со став 3 на член 93 од Законот за високото образование, со оглед дека овој член на Статутот се однесува на составот на Сенатот.

Во членот 27 од Статутот, став 1 алинеја 14 е во спротивност со член 97 став 3 од Законот за високото образование, согласно кој ректорот се избира од редот на редовните професори со објавување на јавен оглас.

Доколку со Статут на универзитетот, проректорите на универзитетот ги избира Сенатот на универзитетот, во тој случај во член 27 алинеја 15 од Статутот, во почетокот на реченицата треба да се додадат зборовите: „на предлог на ректорот“. (Согласно член 97 став 15 од Законот за високото образование). Алинеја 17 од истиот член од Статутот, е во спротивност со член 110 точка 8 од Законот за високото образование. Алинеја 21 треба да се усогласи во целост со член 94 точка 41 од Законот за високото образование. Алинеја 25 треба во целост да се усогласи со член 94 точка 20 од Законот за високото образование. Алинеја 33 треба во целост да се усогласи со член 94 точка 21 од Законот за високото образование. Алинеја 36 треба во целост да се усогласи со член 94 точка 28 од Законот за високото образование.

Во членот 31 од Статутот, став 2 треба во целост да се усогласи со член 97 став 3 од Законот за високото образование.

Во член 33, став 1 алинеа 4 од Статутот е во спротивност со член 110 став 1 точка 3 од Законот за високото образование. Алинеја 6 од истиот член на Статутот е во спротивност со член 98 став 1 точка 3 од Законот за високото образование. Ставот 3 од овој член од Статутот е во спротивност со член 99 став 2 од Законот за високото образование.

Во членот 35 алинеја 5 треба да се допрецизира на какви предлози и инцијативи се мисли.

Во членот 37 од Статутот, алинеја 5 е во спротивност со член 97 став 3 од Законот за високото образование.

Член 46 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 110 од Законот за високото образование.

Членот 48 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 114 од Законот за високото образование.

Во членот 49 ставот 3 е во спротивност со член 110 став 1 точка 3 од Законот за високото образование.

Членот 50 од Статутот е во спротивност со одредбите од Законот за високото образование, со оглед на тоа истиот треба да изостане.

Статутот треба да се дополни и со одредби за постапката за избор на декан, како што наложува член 115 став 3 од Законот за високото образование.

Поднасловот пред член 70 треба да гласи „Начин на објавување на конкурс за запишување на студенти".

Членот 70 треба во целост да се усгласи со член 103 точка 2 од Законот за високото образование.

Во членот 78 од Статутот, зборот: „донесува" треба да се замени со зборот: „усвојува".

Членот 79 од Статутот, треба да се усогласи со член 140 од Законот за високото образование.

Во врска со член 87, а согласно член 157 став 2 од Законот за високото образование, постапката за промоција на лицата кои завршиле докторски студиски програми од трет циклус се здобиле со научен назив доктор на науки треба да се уреди со Статут на универзитетот.

Глава 17 од Сатутот треба да се преуреди и да гласи: „Наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања".

Членовите 92, 93 и 94 од Статутот се предмет на уредување на Законот за високото образование, како такви истите треба да изостанат или во целост да бидат усогласени со членовите 160, 161, 162 и 163 од Законот за високото образование.

Членот 95 од Статутот треба да се усогласи со член 164 од Законот за високото образование.

Членот 100 став 1 од Статутот, треба во целост да се усогласи со член 176 став 1 од Законот за високото образование.

Во членот 101 ставот 2 е во спротивност со член 177 став 3 од Законот за високото образование.

Членот 102 од Статутот треба во целост да се усогласи со член 178 од Законот за високото образование.

Членот 104 треба да се усогласи со член 180 од Законот за високото образование.

Членот 107 од Статутот треба да се усогласи со член 187 од Законот за високото образование.

Во глава 29 од Статутот, зборот: „РЕКТОРСКА“ треба да се замени со зборот:„ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА“. Членот 129 треба да се усогласи со член 89 од Законот за високото образование, од причини што во Законот за високото образование нема одредби за Ректорска конференција на приватни универзитети.

Во целиот текст на Статутот, академските звања треба да се усогласат со член 160 од Законот за високото образование.

Во Статутот ќе треба да се вгради одредба, во смисла дека, „Со стапувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот бр. ______________ од ____________“.

Освен наведените забелешки, укажуваме дека Статутот треба да биде потпишан од претседателот/претседавачот на универзитетскиот сенат, а не од ректорот.

Укажување: Секое вградување на одредби во Статутот на високообразовната установа, спротивно на Законот за високото образование, (особено кога во Законот за високото образование не е утврдена упатувачка одредба за дополнително уредување со Статут) како и спротивно на други позитивни прописи на Република Северна Македонија, сами по себе не предизвикуваат никакви правни дејствија и истите не можат да се земаат како основ за регулирање на било какви права и обврски.

## Точка 40

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Владимир Стефановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.37/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/2019) во целина и одделно на член 2 став 2, член 9 ставови 1, 2 и 5, член 10, член 22 и член 23 став 5 од Законот за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем поради потребата Министерството за правда во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство да достави мислење по истата.

## Точка 41

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Иницијативата поднесена од Светскиот Македонски Конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.6/2019 за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поради потребата Министерството за правда да достави мислење подготвено во соработка со Секретаријатот за законодавство и да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 42

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.1/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 2 од Законот за амнестија („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поднесена од адвокат Сузана Јошевска - Анастасовска од Скопје, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата Министерството за правда, во соработка со Секретаријатот за законодавство да достави мислење по Иницијативата.

## Точка 43

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр 12060 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП бр.746 и по Понудата утврди мислење врз основа на Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 44

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје, за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.52708 за КО Визбегово на КП 671 и по Понудата ги усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски и Мислењето од Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

## Точка 45

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.76602 и Имотен лист бр.17245 за КО Куманово на КП бр.20294 и КП бр.26222 место викано/Улица Моша Пијаде и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 46

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на имот со Имотен лист бр.42940 и Имотен лист бр. 42942 за КО Кисела Вода 2 на КП бр. 4463/1 место викано Ѓ. Андреевиќ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска Ангелковска од Битола за купопродажба на недвижен имот во Битола со Имотен лист бр.52034 за КО Трново на КП бр.260

и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од извршител Станислав Тасески за користење право на првенствено купување на имот каде сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист 101255 за КО Охрид 3 и Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност (врз основа на член 176 став (1) од Законот за извршување), доставени под И бр.553/201 и по Понудата утврди мислење врз основа на Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Известувањето од извршител Јадранка Јовановска под И. бр.445/17 за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) и Заклучок за втора усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување), на недвижност запишана во Имотен лист бр.695 за КО Гиновци и Имотен лист бр.670 за КО Гиновци, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Државното правобранителство на Република Северна Македонија и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достават мислења.

**Точка 50**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 51**

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за ново настанатата ситуација во зградата на Македонската радио - телевизија по поплавата која се случи на 11.1.2019 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе сите неопходни мерки кои се потребни за отстранување на дефектите и за оспособување на оштетените лифтови во рок од два месеци.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги има предвид потребните финансиски средства за оспособување на сите лифтови во зградата на Македонската радио - телевизија при наредното буџетирање.

**2.** Владата заклучи Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, утврден на 117-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29.1.2019 година, како Предлог-закон кој се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија по редовна постапка, да се поднесе до Собранието на Република Северна Македонија како Предлог-закон по скратена постапка.

**3.** Владата го одложи од разгледување Барањето за дополнување на заклучоци од Министерството за финансии за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 25 февруари 2019 година (понеделник), поради потребата до тогаш да се одржи координативен состанок по иницијатива на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија со економските министри со цел изнаоѓање на заеднички став за надминување на предметното прашање за обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот „Изградба на железничка пруга од Крива Паланка до граница со Република Бугарија".

На координативниот состанок да присуствуваат заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски.

**4.** Владата го разгледа Барањето од Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија", во државна сопственост, Скопје за поништување активности на порталот Е-vlada, и заклучи да ги поништи следниве заклучоци/активности:

1. Заклучок за Информација во врска со преземените активности и акциски план со динамика и рокови во врска со реализација на проектот „Нов државен Институт за Енергетика" од седница бр.110 одржана на датум 23.5.2017 година.

*а.* Елаборат за основање на Институт за енергетика, усвоен од страна на управните и надзорните одбори на АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО со краен рок за постапување до 13.11.2017 година.

2. Заклучок за Информација за потребата од воспоставување на железничкото поврзување на РЕК Битола со РЕК Осломеј со постојната пруга од седницата на Владата бр.75 одржана на 12.10.2016 година.

Задолжени активности од заклучок:

*а.* Информација во врска со прогресот за активностите за изработката на Физибилити студијата за модернизација на ТЕЦ Осломеј и Стратегијата за долгорочно снабдување со јаглен за периодот 2016-2046 година, со краен рок за постапување до 3.4.2017 година

*б.* Информација во врска со прогресот за активностите за изработката на Физибилити студијата за модернизација на ТЕЦ Осломеј и Стратегијата за долгорочно снабдување со јаглен за периодот 2016-2046 година, со краен рок за постапување до 3.7.2017 година.

*в.* Информација во врска со прогресот за активностите за изработката на Физибилити студијата за модернизација на ТЕЦ Осломеј и Стратегијата за долгорочно снабдување со јаглен за периодот 2016-2046 година со краен рок за постапување до 2.10.2017 година

3. Заклучок за Информација за прогресот на активностите за изработка на проектот за поврзување на РЕК Битола и РЕК Осломеј со постојната пруга, за период од 1.7-31.12.2016 година од седницата на Владата бр.98 одржана на 3.3.2017 година.

Задолжена активност од заклучок:

*а.* Информација за тоа дали е потребно да се воспостави железничко поврзување на РЕК Битола и РЕК Осломеј со постојната пруга, со краен рок за постапување до 23.12.2017 година.

4. Заклучок од Прашања и предлози од 10-та седницата на Владата на Република Македонија одржана на 23.2.2016 година.

Задолжени активности од заклучок:

*а.* Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на Конгресен центар во Охрид“, со краен рок за постапување до 12.3.2018 година.

*б.* Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на Конгресен центар во Охрид“, со краен рок за постапување до 11.12.2017 година.

*в.* Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на Конгресен центар во Охрид“, со краен рок за постапување до 13.3.2017 година.

*г.* Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на Конгресен центар во Охрид“, со краен рок за постапување до 11.9.2017 година.

*д.* Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на Конгресен центар во Охрид“, со краен рок за постапување до 12.6.2017 година.

**5.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за труд и социјална политика за престанување на важење на Заклучок донесен на 77-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 3.7.2018 година, точка 32 - Информација за изградба на дневен центар за деца со аутизам и притоа заклучи да престане да важи Заклучокот со кој се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ја отпочне потребната постапка за вадење на

градежна дозвола за изградба на нов јавен објект „Дневен центар за деца со аутизам“ КО Чаир, Општина Бутел и задолжението за координација и административна поддршка за целосна реализација на предвидениот Проект, од причина што изградбата на истиот е поврзана со разрешување на имотно-правни односи на локацијата каде што треба да започне неговата изградба, а Министерството за труд и социјална политика по комплетирање на потребната документација дополнително да ја информира Владата.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 11.2.2019 година до 17.2.2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Извештајот од Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел во врска со одржан состанок за воведувањето на дефинитивните заштитни мерки на Европската Унија за производи од челик.

**8.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за БРЕГЗИТ и влијанието на македонската економија, со предлог-мерки и листи на увозници и извозници.

**9.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за правда за изменување на Заклучок од 120-та седница на Владата и притоа заклучи во Извадокот од 120-та седница на Владата, одржана на 12 февруари 2019 година по Извештајот од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, Заклучокот под број 12 да престане да важи.

Истовремено, Владата ја задолжи Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните да предложи друг алтернативен заклучок во врска со ова прашање.

**10.** Владата го донесе Решението за назначување на претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретари на Координативното тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам, со заклучок Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, текстот на Решението да го усогласи во делот на заменик - член од Министерството за образование и наука.

Истовремено, Владата заклучи Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во иднина да планира додавање на нови членови во Координативното тело, кои ќе обезбедат и етнички диверзитет.

11. Во врска со доставениот допис од Амбасадата на Република Северна Македонија во Сараево, со кој се известува Министерството за надворешни работи за планираните активности за одбележувањето на 15 годишнината од загинувањето на поранешниот Претседател на Република Македонија, Борис Трајковски, кај Ротимље, Мостар, Босна и Херцеговина, Владата заклучи на одбележувањето кое ќе се одржи на 26 февруари 2019 година во делегацијата да бидат и министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу и заменикот на министерот за култура, Владимир Лазовски.

## Точка 52

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Сметка на основен буџет 637 и Сметка на буџет од донации 785, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија да пристапи кон подготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2. Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија да пристапи кон подготовка на мерки и активности со цел надминување на состојбите истакнати во делот бр.7 „останати прашања“.

## Точка 53

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип за периодот од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за финансии и ЈП ХС „Злетовица“ - Пробиштип да го забрзаат процесот на имплементација на фаза - 2 (наводнување) и фаза -3 (енергетика) од повеќенаменскиот проект ХС Злетовица.

**Точка 54**

Владата го разгледа Тромесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче - Велес, октомври - декември 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени инспекциски надзори врз основа на Законот за заштита од пушењето, компаративна анализа со законската регулатива во Република Хрватска и предлози за измена на Законот за заштита од пушењето (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Контрола на здравствените установи од страна на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија со цел еднаков квалитет на здравствената услуга за секој граѓанин секаде во Северна Македонија", како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Националниот управувачки комитет за клинички упатства да продолжи со објавување на упатствата за практикување на медицина заснована на докази во „Службен весник на Република Северна Македонија", како и да ги ажурира/ревидира веќе објавените упатства.

2. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија при вршење на контрола на здравствените установи со цел еднаков квалитет на здравствена услуга за секој граѓанин да вклучи соодветни стручни лица од дејности кои ги контролираат, со цел да се утврди/констатира почитување на примената на упатствата.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле" - Охрид заклучно со декември 2018 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправна сеча на шуми во период од 1.10.2018 година до 31.12.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 59

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за инспекциски надзор, го утврди и заклучи, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници м-р Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Билјана Николовска Жагар, државен советник во Министерството за информатичко општество и администрација.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа, да ги усогласи и со одредбите од Предлог-законот за инспекциски надзор.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одбележувањето на 15-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Македонија Борис Трајковски и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во координација со Меѓународната фондација Борис Трајковски, да преземе протоколарни активности во врска со настанот за одбележување на 15-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Македонија, Борис Трајковски и да назначи офицери за врска за делегациите.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе потребните безбедносни мерки за високите гости на комеморацијата.

3. Се задолжува шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги определи членовите на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија кои ќе положат свежо цвеќе на гробот на поранешниот Претседател на Република Македонија, Борис Трајковски.

4. Се задолжува Министерството за одбрана, по повод настанот за одбележување на 15-годишнината од смртта на поранешниот Претседател на Република Македонија, Борис Трајковски, да обезбеди двајца претставници на Гардата на АРМ за положување на цвеќе.

5. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди: службени возила за лицата членови на Делегацијата, црвени патеки,

знамиња, носачи на венец и еден венец за Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Државна изборна комисија и ја донесе Одлуката со заклучок Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-заедничка изјава за „Clean energy transition in the Western Balkans“ која ќе се потпишува во Подгорица на 21 февруари 2019 година, ја усвои Информацијата и го овласти заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање, м-р Јани Макрадули да ја поддржи заедничката изјава „Clean energy transition in the Western Balkans“ која ќе се потпишува во Подгорица на 21 февруари 2019 година.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:05 часот.

| | |
|---|---|
| **ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |